## З А П И С Н И К бр.27

Од одржаната 27-ма редовна седница на Советот на општина Зрновци на ден 29.07.2015 година со почеток во 12:30 часот.На седницата беа присутни девет советници. Председателот на Советот Благој Николов за оваа седница го предложи следниот

.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**1**.Усвојување на Записник од 26 -тата седница на Советот на општина Зрновци.

**2**.Усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ„Синиша Стоилов„Зрновцина крајот на учебната 2014/2015 година.

**3**.Предлог -Одлука за определување на локации за поставување на рингишпил и други детски реквизити за 2-ри Август.

**4**.Предлог-Решение за продолжено работно време на локалите и минимаркетите за време на илинденските празници.

**5**.Одлука за спонзорство од 40 000,00 денари за турнирот во мал фудбал по повод илинденските празници.

**6.**Разно.

Бидејки никој не се јави за збор Дневниот ред едногласно беше усвоен.

**Т Е К  Н А  С Е Д Н И Ц А**

**1**.Усвојување на Записник од 26 -тата седница на Советот на општина Зрновци

Претседателот на Совет на разгледување го стави Записникот од 26-тата седница .Бидејки никој не се јави за збор со осум гласа записникот беше усвоен.

**2**.Усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ„Синиша Стоилов„Зрновцина крајот на учебната 2014/2015 година.

Бидејки немаше претставник од ОУ„Синиша Стоилов„ претседателот на Совет Благој Николов на советниците во кратки црти им го образложи Годишниот извештај кој претходно на советниците им беше доставен во писмена форма .

. Бидејки никој не се јави за збор со осум гласа за беше усвоен Годишниот извештај за работата на ОУ„Синиша Стоилов„Зрновцина крајот на учебната 2014/2015 година.

**3**.Предлог -Одлука за определување на локации за поставување на рингишпил и други детски реквизити за 2-ри Август.

За збор се јави претседателот на Совет Благој Николов и предложи да останат истите локации од претходната година ,со тоа што да се задолжи КЈП„ Водна кула„да го организира распоредот и наплатата за користење на просторот .Исто така се задолжува КЈП„Водна кула„ да го исчисти сметот по отстранувањето на сите реквизити од користените локации .

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Бидејки никој повеке не се јави за збор со 9 гласа за овaa точка беше усвоена.

**4.** Предлог-Решение за продолжено работно време на локалите и минимаркетите за време на илинденските празници.

За збор се јави претседателот на Совет Благој Николов и на советниците им предложи угостителските објекти на 01-ви према 02-ри Август работат до 04:00 часот а на 02-ри према 03-ти Август до 03:00 часот по полнок .Благој Николов исто така предложи да им се продолжи работното време за 2 часа повеке од редовното работно време и на минимаркетите и продавниците.

Бидејки никој не се јави за збор со девет гласа за Предлог - Решението беше усвоена.

**5**.Одлука за спонзорство од 40 000,00 денари за турнирот во мал фудбал по повод илинденските празници.

Зазбор се јави Благој Николов кој образложи дека организаторот на турнирот во мал фудбал има поднесено Барање во кое се бара спонзорство од општина Зрновци во висина од 40 000,00 денари за покривање на трошоците на турнирот.

За збор се јави Александра Кокева рече дека организаторот треба да се потруди да обезбеди средства и од други донатори не само од општина Зрновци.

За збор се јави Благој Николов и рече дека ја подржува Александра Кокева и го повика организаторот да се потруди да обезбеди што повеке средства како би се зголемил наградниот фонд и квалитетот на турнирот.

Бидејки никој не се јави за збор одлуката едногласно беше донесена.

**6.**Разно.

За збор се јави Гоце Димитров и пред советниците образложи дека во с.Видовиште има проблем со водоводот.Гоце Димитров побара доколку е во можност општината да плати едно лице два месеци кое лице ке ја регулира водата од водоводот како би се надминал овој проблем.

За збор се јави Методи Николов и предложи да се донесе одлука да се тргне вентилот кај лицето Јован Стоименов со што ке се реши проблемот.За збор се јави претседателот на Совет Благој Николов кој рече дека ке го пренесе овој проблем кај градоначалникот и се надева дека ке се најде соодветно решение

За збор се јави Гоце Димитров и побара да се интервенира кај комуналното претпријатие да се исчистат гробиштата во с.Видовиште и да се обележат критичните точки на патот Видовиште -Теранци.

За бор се јави Мирко Горгиев и образложи дека во с.Вородвис има проблем со вретената на главните цевоводи на ЛМК и нема можност да се пушти вода за наводнување по линиите каде се извадени вретената.Мирко Георгиев исто така образложи дека реагираат граганите на с.Мородвис поради непрописното изнесување на измет од фермата за кокошки и побара општината да преземе мерки за надмнување на овој проблем .

За збор се јави Венцо Стојков кој образложи дека кружат шпекулации дека откако ке биде отстранет мостот на река Брегалница нема да има помошен мост како би се одвивал сообракајот со што би се

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

нанело огромна штета на фирмите кои имаат вработени кои патуваат од Кочани-Зрновц.

Венцо Стојков исто така предложи патот Зрновци -Видовиште да се прошири за половина метар од двете страин од средствата за асфалтирање за оваа година.

Методи Николов предложи да се интервенира кај Македонија пат да се окосат банкините на патот Зрновци -Кочани.

За збор се јави Гоце Димитров и побара да се изнајде начин да се прочисти патот Видовиште -манастир Св.Петка.

По исцрпување на дневниот ред никој повеке не се јави за збор, седницата заврши во 13:20 часот.

Записничар
Кристиан Савев

Претседател на Совет
Благој Николов

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)